# Состојба со COVID-19 во Северна Македонија и светот

## СОСТОЈБА СО COVID-19 ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, период 13-19.02.2023

Тестирани се вкупно 2.511 материјали во лабораториите во кои се спроведува молекуларно тестирање и антигенско тестирање за присуство на SARS-CoV-2, на приближно ниво во споредба со минатата недела (n=2.491, зголемување од 0,8%).

Регистрирани се 119 нови позитивни случаи од 15 градови во државата, со зголемување од 17,8% во однос на минатата недела (n=101). Процентот на позитивност се движи од 2,9% до 5,5%, просечно 4,7%.

***Табела 1.*** *Тестирани и позитивни во период од 13-19.02.2023*

| *Датум* | *Тестирани* | *Позитивни* | *% на позитивност* |
|---|---|---|---|
| ***13.2.2023*** | 521 | 23 | 4,4% |
| ***14.2.2023*** | 447 | 21 | 4,7% |
| ***15.2.2023*** | 485 | 23 | 4,7% |
| ***16.2.2023*** | 410 | 21 | 5,1% |
| ***17.2.2023*** | 398 | 21 | 5,3% |
| ***18.2.2023*** | 140 | 4 | 2,9% |
| ***19.2.2023*** | 110 | 6 | 5,5% |
| ***Вкупно*** | ***2.511*** | ***119*** | ***4,7%*** |

Најголем дел од регистрираните случаи се од Скопје (n=80; 67,2%). Највисока инциденца е регистрирана во Неготино (16,5/100.000 жители). (*Табела 2*).

Регистрирани се заболени лица во сите возрасни групи, со најголем број на случаи пријавени во возрасната група над 60 години (n=60; 50,4%). Со оглед на малиот број на пријавени случаи, зголемувањето/намалувањето по возрасни групи е варијабилно, оваа недела се регистрира најзабележително зголемување кај возрасната група од 10-19 години и намалување кај возрасните групи од 20-29 години (-42,9%) и 50-59 години (-61,1%).

Во текот на минатата недела (13-19.02.2023) со статус „оздравени“ се стекнале 94 лица во хоспитални услови или на домашно лекување, за еден помалку во однос на минатата недела (n=95).

Во текот на минатата недела, пријавени се 38 реинфекции, за 22,6% повеќе во однос на претходната недела (n=31).

Пријавени се две починати лица со датум на смрт во текот на последната недела (13-19.02.2023), од Охрид и Битола, со коморбидитети и починати во болнички услови. Лицата се починати на возраст од 70 и 83 години.

Во однос на состојбата во светот, по земји, најновите податоци од СЗО се на следниот линк - https://www.who.int/emergencies/diseases/novel-coronavirus-2019/situation-reports/

## КУМУЛАТИВНА СОСТОЈБА СО COVID-19 ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Заклучно со 19.02.2023, пријавени се вкупно 346.852 случаи на COVID-19 (I=18.884,4/100.000).

Најголем дел од заболените се регистрирани во Скопје, Куманово и Битола, а највисок морбидитет е регистриран во Кавадарци (30.820,4/100.000) и Скопје (27.041,2/100.000). Највисок морталитет се регистрира во Охрид, Кавадарци и Прилеп. Највисок леталитет се регистрира во Струга (*Табела 2*).

***Табела 2.*** *Кумулативна дистрибуција на заболени од COVID-19 по ЦЈЗ/ПЕ, РС Македонија, до 19.02.2023*

| Дистрибуција по градови | Заболени (вкупно) | Морбидитет | Умрени (вкупно) | Морталитет (кумулативно) | Леталитет (кумулативно) | Оздравени (вкупно) | Активни случаи (вкупно) | Заболени (последни 7 дена) | Инциденца последни 7 дена | Заболени последни 14 дена | Инциденца последни 14 дена | Промена на инциденца во два 14 дневни периоди |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **346852** | **18884,4** | **9662** | **526,0** | **2,8%** | **337068** | **122** | **119** | **6,5** | **220** | **12,0** | ▲ 6,8% |
| Скопје | 164142 | 27041,2 | 3281 | 540,5 | 2,0% | 160780 | 81 | 80 | 13,2 | 129 | 21,3 | ▲ 11,2% |
| Куманово | 18337 | 14798,3 | 637 | 514,1 | 3,5% | 17693 | 7 | 7 | 5,6 | 18 | 14,5 | ▲ 63,6% |
| Битола | 18147 | 19493,0 | 503 | 540,3 | 2,8% | 17640 | 4 | 6 | 6,4 | 23 | 24,7 | ▲ 35,3% |
| Прилеп | 15712 | 17994,0 | 605 | 692,9 | 3,9% | 15101 | 6 | 5 | 5,7 | 7 | 8,0 | ▼ 36,4% |
| Тетово | 14507 | 8692,1 | 600 | 359,5 | 4,1% | 13904 | 3 | 3 | 1,8 | 5 | 3,0 | ▲ 66,7% |
| Кавадарци | 12183 | 30820,4 | 274 | 693,2 | 2,2% | 11909 | 0 | 2 | 5,1 | 4 | 10,1 | ▲ 33,3% |
| Велес | 10845 | 18184,7 | 330 | 553,3 | 3,0% | 10515 | 0 | 0 | 0,0 | 1 | 1,7 | ▲ 100,0% |
| Охрид | 10383 | 18827,9 | 405 | 734,4 | 3,9% | 9977 | 1 | 1 | 1,8 | 1 | 1,8 | ▼ 83,3% |
| Гостивар | 10295 | 12161,3 | 430 | 508,0 | 4,2% | 9863 | 2 | 0 | 0,0 | 1 | 1,2 | = 0,0% |
| Штип | 8820 | 18266,2 | 239 | 495,0 | 2,7% | 8579 | 2 | 1 | 2,1 | 4 | 8,3 | = 0,0% |
| Струмица | 8816 | 11155,7 | 386 | 488,4 | 4,4% | 8429 | 1 | 1 | 1,3 | 2 | 2,5 | ▼ 33,3% |
| Кичево | 6089 | 15349,5 | 227 | 572,2 | 3,7% | 5862 | 0 | 0 | 0,0 | 2 | 5,0 | = 0,0% |
| Кочани | 5561 | 14201,1 | 220 | 561,8 | 4,0% | 5339 | 2 | 2 | 5,1 | 2 | 5,1 | = 0,0% |
| Струга | 5198 | 9745,2 | 306 | 573,7 | 5,9% | 4888 | 4 | 4 | 7,5 | 9 | 16,9 | ▲ 80,0% |
| Гевгелија | 4920 | 22796,8 | 123 | 569,9 | 2,5% | 4796 | 1 | 0 | 0,0 | 2 | 9,3 | ▼ 50,0% |
| Неготино | 4169 | 22914,1 | 89 | 489,2 | 2,1% | 4077 | 3 | 3 | 16,5 | 3 | 16,5 | ▲ 50,0% |
| Ресен | 3034 | 21109,0 | 63 | 438,3 | 2,1% | 2971 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | ▼ 100,0% |
| Радовиш | 2845 | 10597,1 | 106 | 394,8 | 3,7% | 2739 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | = 0,0% |
| Свети Николе | 2800 | 15923,6 | 80 | 455,0 | 2,9% | 2720 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | ▼ 100,0% |
| Крива Паланка | 2664 | 12376,9 | 129 | 599,3 | 4,8% | 2535 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | = 0,0% |
| Делчево | 2190 | 16120,7 | 69 | 507,9 | 3,2% | 2121 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | = 0,0% |
| Берово | 1891 | 17364,6 | 60 | 551,0 | 3,2% | 1831 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | ▼ 100,0% |
| Дебар | 1817 | 9497,2 | 83 | 433,8 | 4,6% | 1732 | 2 | 2 | 10,5 | 2 | 10,5 | = 0,0% |
| Валандово | 1608 | 15302,6 | 48 | 456,8 | 3,0% | 1560 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | ▼ 100,0% |
| Виница | 1480 | 10224,5 | 64 | 442,1 | 4,3% | 1416 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | = 0,0% |
| Пробиштип | 1304 | 9719,0 | 52 | 387,6 | 4,0% | 1251 | 1 | 1 | 7,5 | 1 | 7,5 | ▲ 100,0% |
| Кратово | 1137 | 15069,6 | 38 | 503,6 | 3,3% | 1098 | 1 | 1 | 13,3 | 2 | 26,5 | = 0,0% |
| Богданци | 1114 | 15179,2 | 25 | 340,6 | 2,2% | 1089 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | ▼ 100,0% |
| Крушево | 1044 | 12450,8 | 46 | 548,6 | 4,4% | 997 | 1 | 0 | 0,0 | 1 | 11,9 | = 0,0% |
| Демир Хисар | 935 | 12878,8 | 43 | 592,3 | 4,6% | 892 | 0 | 0 | 0,0 | 1 | 13,8 | ▼ 50,0% |
| Македонски Брод | 803 | 7941,8 | 32 | 316,5 | 4,0% | 771 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | = 0,0% |
| Демир Капија | 632 | 16732,9 | 20 | 529,5 | 3,2% | 612 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | = 0,0% |
| Македонска Каменица | 538 | 8355,3 | 25 | 388,3 | 4,6% | 513 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | ▼ 100,0% |
| Пехчево | 521 | 13080,6 | 16 | 401,7 | 3,1% | 505 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | = 0,0% |
| Дојран | 371 | 12029,8 | 8 | 259,4 | 2,2% | 363 | 0 | 0 | 0,0 | 0 | 0,0 | = 0,0% |

Регистрирани се 165.374 (47,7%) машки и 181.478 (52,3%) женски заболени лица.

Најголем број на заболени се на возраст над 60 години – 88.766 (25,6%), додека највисок морбидитет (26.122,8/100.000) се регистрира кај возрасната група од 30-39 години (*Графикон 1*).

***<u>Графикон 1</u>. <u>Дистрибуција</u> на заболените од COVID-19 според возрасна група (n=346.852)***




Во однос на <u>датумот на пријавување</u>, првиот случај е регистриран на 26.02.2020. Најголем број на заболени на неделно ниво (n=11.882) е регистриран во текот на четвртата недела во 2022. Се регистрира плато на бројот на случаите од 31/2022-7/2023 недела, со повремени флуктуации кои се резултат на нискиот број на тестирани и позитивни лица (*Графикон 2*).

***<u>Графикон 2.</u>*** *Дистрибуција на заболените од COVID-19 во Р. С. Македонија според недела на лабораториска дијагностика, до 19.02.2023 (n=346.852)*



Според извештаите од болниците, моментално се <u>хоспитализирани 27 лица</u>, од нив 8 се на кислородна поддршка и нема пациенти на инвазивна/неинвазивна механичка вентилација.

Регистрирани се <u>9.662 смртни случаи</u> (Лт=2,8%). Најголем број се регистрирани во тек на 14/2021 (n=317). Најголем дел се машки (59,4%), а во однос на возраст - лица над 60 години (83,7%). Кај 80,8% се регистрирани коморбидитети. Од регистрираните случаи, 27 починале во тек на реинфекција. Регистрирани се 9 смртни случаи кај бремени и 41 смртен случај кај здравствени работници. Од смртните случаи, 8.791 (91,0%) во хоспитални услови.

<u>Според исходот од заболувањето</u>, 122 лица (0,04%) се активни случаи, а 337.068 случаи (97,18%) се водат како оздравени, кои биле или хоспитализирани или на домашно лекување (*Табела 3*).

***<u>Табела 3.</u>*** *Исход на заболување по градови, Р.С. Македонија (n=346.852)*

| Дистрибуција по град | Болест во тек | Оздравен | Смртен исход | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Скопје** | 81 | 160780 | 3281 | 164142 |
| **Куманово** | 7 | 17693 | 637 | 18337 |
| **Битола** | 4 | 17640 | 503 | 18147 |
| **Прилеп** | 6 | 15101 | 605 | 15712 |
| **Тетово** | 3 | 13904 | 600 | 14507 |
| **Кавадарци** | | 11909 | 274 | 12183 |
| **Велес** | | 10515 | 330 | 10845 |
| **Охрид** | 1 | 9977 | 405 | 10383 |
| **Гостивар** | 2 | 9863 | 430 | 10295 |
| **Штип** | 2 | 8579 | 239 | 8820 |
| **Струмица** | 1 | 8429 | 386 | 8816 |
| **Кичево** | | 5862 | 227 | 6089 |
| **Кочани** | 2 | 5339 | 220 | 5561 |
| **Струга** | 4 | 4888 | 306 | 5198 |
| **Гевгелија** | 1 | 4796 | 123 | 4920 |
| **Неготино** | 3 | 4077 | 89 | 4169 |
| **Ресен** | | 2971 | 63 | 3034 |
| **Радовиш** | | 2739 | 106 | 2845 |
| **Свети Николе** | | 2720 | 80 | 2800 |
| **Крива Паланка** | | 2535 | 129 | 2664 |
| **Делчево** | | 2121 | 69 | 2190 |
| **Берово** | | 1831 | 60 | 1891 |
| **Дебар** | 2 | 1732 | 83 | 1817 |
| **Валандово** | | 1560 | 48 | 1608 |
| **Виница** | | 1416 | 64 | 1480 |
| **Пробиштип** | 1 | 1251 | 52 | 1304 |
| **Кратово** | 1 | 1098 | 38 | 1137 |
| **Богданци** | | 1089 | 25 | 1114 |
| **Крушево** | 1 | 997 | 46 | 1044 |
| **Демир Хисар** | | 892 | 43 | 935 |
| **Македонски Брод** | | 771 | 32 | 803 |
| **Демир Капија** | | 612 | 20 | 632 |
| **Македонска Каменица** | | 513 | 25 | 538 |
| **Пехчево** | | 505 | 16 | 521 |
| **Дојран** | | 363 | 8 | 371 |
| **ВКУПНО** | **122** | **337068** | **9662** | **346852** |

Заклучно со 19.02.2023, регистрирани се вкупно 21.617 (6,2%) реинфекции.

Од 15.02.2020-19.02.2023 тестирани се вкупно 2.226.216 материјали, во лабораториите во кои се спроведува молекуларно тестирање за присуство на SARS-CoV-2 и во лабораториите/ здравствените установи во кои се спроведува брз антигенски тест.

Од вкупниот број на тестирани материјали, 1.472.204 или 66,1% се со молекуларно (PCR) тестирање, додека останатите 754.012 или 33,9% се со брз антигенски тест.

## ПРОЦЕНА НА РИЗИК ЗА ПОНАТАМОШНО ШИРЕЊЕ НА COVID-19 И ПРЕПОРАЧАНИ МЕРКИ

Репродукцискиот број на заразени од COVID-19 (R0) во Р. С. Македонија изнесува 1,03 заклучно со 19.02.2023. За споредба, R0 заклучно со 12.02.2023 изнесуваше 1,27.

***Графикон 3.*** Дневна инциденца на 100.000 жители и R0, COVID-19, Р.С.М, до 19.02.2023




Според категоризацијата на ризикот и проценката на ситуацијата земајќи ги во предвид индикаторите на СЗО за можноста за понатамошна трансмисија и капацитетите за одговор на земјата[1] се проценува дека Република Северна Македонија е во фаза на широка трансмисија, подниво 1, со соодветни капацитети за одговор.

**Препорачани мерки за превенција и контрола од СЗО согласно проценетата фаза и подниво**

Се препорачува следење на основните мерки за превенција на КОВИД-19 и останати респираторни заразни заболувања.

## ВАКЦИНАЦИЈА ПРОТИВ COVID-19 ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

[1]Извор: https://phsm.euro.who.int/calibrationTool

На 17.02.2021 во Р. С. Македонија започна вакцинацијата против COVID-19.

Заклучно со 19.02.2023, вакцинирани се вкупно 876.020 лица со барем една доза на вакцина против COVID-19 во државата и странство. Комплетно вакцинирани (со две дози) се вкупно 857.120 лица (Табела 4*)*.

***<u>Табела 4.</u>*** *Вакцинирани лица против COVID-19, РСМ, по тип на вакцина/ доза*

| вакцина/ доза | Прва доза | Втора доза | Трета доза | Четврта доза | Вкупно аплицирани дози |
|---|---|---|---|---|---|
| Pfizer/Biontech | 375956 | 366686 | 162963 | 8504 | 914109 |
| Sinovac | 251163 | 245471 | | | 496634 |
| Sinopharm | 153572 | 152868 | | | 306440 |
| AstraZeneca | 71550 | 68882 | | | 140432 |
| Sputnik V | 23303 | 22998 | | | 46301 |
| Moderna | 209 | 184 | 80 | 135 | 608 |
| Janssen* | 267 | 31 | | | 298 |
| **ВКУПНО** | **876.020** | **857.120** | **163.043** | **8.639** | **1.904.822** |

*вакцинирани само во странство

Со една доза на вакцина против COVID-19, во државата и странство, вакцинирани се 59,7% од населението над 18 годишна возраст, односно 55,2% од население над 12 годишна возраст, додека од вкупното население вакцинирани се 47,7%.

Опфатот со две дози на вакцина против COVID-19 кај населението над 18 годишна возраст изнесува 58,4%, односно 54,0% кај население над 12 годишна возраст. Опфатот со две дози кај вкупното население изнесува 46,7%.

Опфатот со трета доза кај населението над 18 годишна возраст изнесува 11,1%, додека кај населението над 12 годишна возраст е 10,3%. Опфатот со трета доза на вкупното население изнесува 8,9%.

Со четврта доза се вакцинирани вкупно 0,59% од населението над 18 годишна возраст, односно 0,54% од населението над 12 годишна возраст, а опфатот кај вкупното население изнесува 0,47%.

Најголем број на вакцинирани лица е регистриран во 33-та недела од 2021 година (n=102.132). Нема аплицирани вакцини во текот на последните две недели.

Скопје, 20.02.2023

***Оддел за епидемиологија на заразни болести***
***Институт за јавно здравје***